РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-342/2

29-06-2021 г./v.

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија” број 12/2019),член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од непознат подносител, на 49-а седница, на продолжението на седницата одржана на ден 09 Јуни 2021 година, донесе:

**Одлука**

Пријавата за корупција – Изветување бр. 12- 342/1 од 20.01.2020 година, доставена од непознат подносител,СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-432 од 2020 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 342/1 од 20.01.2020 година.

Предметот со број 12-342 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12- 342 од 2020 година е оформен врз основа на пријава – Известување бр. 12-342/1 од 20.01.2020 година, од непознат подносител кој не доставил податоци за идентификација ниту адреса за контакт и достава на писмена.

Со пријавата насловена како известување подносителот ја известува Државната комисија за спречување на корупцијата за направени пропусти при распишување на оглас(и) за избор на ------------------ во Република Северна Македонија.

Имено подносителот смета дека се направени пропусти во распишувањето на огласите на начин што е постапено спротивно на член ------------- од Законот за -------------- и предвреме, гледано од аспект на престанокот на мандатот на актуелните -----------------------, се распишани огласите за избор на ------------------------------------------.

Врз основа на содржината на предметната пријава Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека од аспект на надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата предметната пријава не упатува на коруптивни дејствија - злоупотреби на службената положба и овластувањата од страна на службени лица/ избрани и именувани лица, за остварување на корист, директно или преку посредник за себе или за друг.

Државната комисија оцени дека нема належност – нема елементи за надлежно постапување по предметното известување, но сепак изврши одредени адмнистративни проверки и врз основа на истите утврди дека изборот на -------------------------- е огласен во “Службен Весник на Република Македонија” број --------------------------, кога истовремено е огласен избор на ----------------------------. Хронолошки гледано - во месец февруари од ------------------ е донесена одлука за определување на -----------------------------------, односно постапката за избор е завршена и изборот ---------------- е извршен во месец Јули ---------- година

Адреса: ул.Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. PresvetaBogorodicanr.3, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Исто така, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид јавно познатите податоци кои се однесуваат на периодот од објавата на огласот за избор --------------------------------па се до ефективниот избор на -------------------------------------------, па имено дека согласно Решението на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија број 09-1422/1 од 16.02.2020 година за распишување предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, во 2020 беа планирани да се одржат Парламентарни избори - на 12 април 2020 година, дека поради настанатата вонредна состојба предизвикна од COVID-19 пандемијата, изборите беа одложени и беа одржани на 15 јули 2020 година согласно Решението за изменување и дополнување на решението за распишување предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија број 09-2094/1 од 15.6.2020 година исто така донесено од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, како и дека за сиот овој период неколку пати беше прогласувана вонредна состојба која заврши на 13 јуни 2020 година.

Од сите причини, како е погоре наведено, Државната комисија оцени дека предметната пријава - известување не содржи елементи за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 09 Јуни 2021 година**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: мр. Ш.С. , Член и Заменик претседател на ДКСК

Доставено до
-Архива